Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-580/4

13-11-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-580/1 од 21.7.2025 година поднесена од ---------, за заштита од дискриминација врз основа на брачен статус во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија кон вонбрачните другари како наследници врз основа на брачен статус во областа на правосудство и управа.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-580/1 од 21.7.2025 година, од страна на ---------, за сторена дискриминација кон вонбрачните другари како наследници, врз основа на брачен статус во областа на правосудство и управа.

Подносителот на претставката смета дека од Законот за наследувањето произлегува индиректна дискриминација врз основа на брачен статус врз голема група на лица, поконкретно дека со членот 12 став 1 од Законот за наследувањето се изоставени брачните другари како наследници и со тоа овие лица се ставени во нееднаква положба наспроти другите наследници опфатени со тој став. Аналогно на тоа, смета дека и членот 13, со кој се определуваат законски наследници од прв ред, ја произведува истата индиректна дискриминација. Наведува дека иако членот 4 од овој закон определува дека во поглед на наследувањето вонбрачното сродство се изедначува со брачното, сепак претходно наведените членови 12 и 13 од овој закон не го содржат вонбрачното сродство на вонбрачниот другар.

Дополнително истакнува дека вонбрачната и брачната заедница помеѓу маж и жена се изедначени во сите други прописи, како што се Законот за семејството, Законот за облигационите односи, Законот за сопственост и други стварни права итн., но не и во Законот за наследувањето.

Бара Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да ги анализира одредбите од Законот за наследувањето и да утврди индиректна дискриминација врз основа на брачен статус кон лицата кои се вонбрачни другари. Потоа, по извршената анализа да предложи на Министерството за правда и на Владата на Република Северна Македонија да подготват соодветни измени и дополнувања на Законот за наследувањето, на начин што во текстот каде што се споменува „брачниот другар", да

се додадат и зборовите „вонбрачниот другар", со што би се постигнал еднаков третман во спроведувањето на постапките за наследување, односно би се избегнале различните толкувања на предметните одредби од законот од страна на нотарите, адвокатите и судовите.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 5.8.2025 година испрати Известување бр. 08-580/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за правда, како орган на управата надлежен за вршење на работите кои се однесуваат на наследувањето.

На ден 21.8.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување, односно одговор на претставката од страна на Министерството за правда, заведен во Комисијата под бр. 08-580/3.

Министерството за правда во своето произнесување известува за следното:

Согласно член 12 од Законот за наследувањето („Службен весник на РМ" бр. 47/96):

(1) „Врз основа на закон, умрениот го наследуваат: сите негови потомци, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар, неговите посвоители, неговите родители, неговите браќа и сестри и нивните потомци и неговите дедовци и баби и нивните потомци.

(2) Овие лица наследуваат според наследните редови.

(3) Наследниците од поблискиот наследен ред ги исклучуваат од наследство лицата

од подалечниот наследен ред. Меѓу себе се наследуваат и чуваникот и хранителот, посинокот и очувот и маќеата, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и други лица, под условите и на начин определени со овој закон."

Согласно член 13 од истиот Закон:

(1) "Оставината на умрениот ја наследуваат пред сите неговите деца и неговиот брачен другар.

(2) Тие наследуваат еднакви делови."

Согласно член 4 став 1 од истиот Закон:

"**Во поглед на наследувањето вонбрачното сродство се изедначува со брачното**, а сродството создадено со потполно посвојување со крвното сродство."

Воедно, од Министерството посочуваат дека наведените одредби од Законот е потребно да се разгледуваат во корелација со останатите одредби кои произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за наследувањето и Законот за семејство. Имено, членот 30 од Уставот пропишува дека „Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување".

Членот 3 од Законот за наследувањето ја уредува рамноправноста во наследувањето, односно „Граѓаните, под исти услови, се рамноправни во наследувањето".

Членот 13 од Законот за семејството гласи: „ Заедница на живот на маж и жена која не е заснована во согласност со одредбите на овој закон (вонбрачна заедница) и која траела најмалку една година, е изедначена со брачната заедница во поглед на правото на меѓусебно издржување и имотот стекнат за време на траењето на таа заедница.“

Дополнително посочуваат и на членот 218 од истиот Закон: „Имотот кој вонбрачните другари ќе го стекнат во вонбрачна заедница се смета за нивен заеднички имот. При делбата на тој имот соодветно се применуваат одредбите за делба на заедничкиот имот на брачните другари“.

Покрај ова, известуваат дека Владата на Република Северна Македонија со одлука формирала Комисија која работи на изготвување на Граѓански законик, кој е составен од пет дела (општ дел, стварно правни односи, облигационо правни односи, семејно правни односи и наследно правни односи). Во Книга 5: наследно правни односи, работната група направила соодветни измени во оваа насока кои се однесуваат конкретно на доуредување на одредбите кои се однесуваат на вонбрачната заедница.

Имајќи го предвид наведеното, Министерството за правда смета дека со Законот за наследувањето, кој е во сила, не е сторена индиректна дискриминација врз основа на брачен статус врз голема група лица, односно вонбрачните другари не се ставени во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група на лица.

По увид во наводите во претставката и доставеното произнесување од Министерството за правда, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Претставката се однесува на наводна индиректна дискриминација кон вонбрачните другари која произлегува од одредбите на Законот за наследувањето.

Имено, според член 12 од Законот за наследувањето, умрениот го наследуваат: сите негови потомци, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар, неговите посвоители, неговите родители, неговите браќа и сестри и нивните потомци и неговите дедовци и баби и нивните потомци.

Член 13 од Законот за наследувањето пропишува дека оставината на умрениот ја наследуваат пред сите неговите деца и неговиот брачен другар.

Согласно член 4 став 1 од Законот за наследувањето, во поглед на наследувањето
вонбрачното сродство се изедначува со брачното, а сродството создадено со потполно посвојување со крвното сродство.

Во овој контекст, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или*

*несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.“*

Според **член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, *„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.“*

По анализа на позитивните правни норми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека одредбите на Законот за наследувањето не ги ставаат вонбрачните другари во понеповолна положба во однос на наследувањето, споредено со брачните другари.

Имено, иако член 12 од Законот за наследувањето не ги наведува експлицитно вонбрачните другари како наследници на умрениот, сепак со член 4 став 1 од истиот Закон, вонбрачното сродство се изедначува со брачното во поглед на наследувањето, што укажува дека вонбрачните другари не се ставени во понеповолна положба во однос на брачните, туку напротив дадена е основа за воспоставување на еднаков третман во пракса помеѓу сродството кое настанува во рамките на брачна и вонбрачна заедница. Оттука, Комисијата заклучи дека одредбите на Законот за наследувањето не произведуваат индиректна дискриминација кон вонбрачните другари.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател,
Зекир Абдулов

Доставено до:

- ---------
- Министерство за правда, ул. Димитрие Чуповски бр. 9, 1000 Скопје